Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измена на Програмата за економски развој во Општина Битолаза 2023 година**

Се објавува Програма за измена на Програмата за економски развој во Општина Битола за 2023 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.01.2023 година.

Бр. 08-58/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 23.01.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена на Програмата за економски развој во Општина Битола за 2023 година**

Со програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

**ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**За програмата за економски развој во Општина Битола за 2023 година**

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за економски развој во Општина Битола за 2023 година**

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 741114 | Пренесен вишок на приходи од претходна година | 58.803.800,00 |
| | ВКУПНО: | | 58.803.800,00 |

| Ред. Бр. | Шифра | Расходи | Износ (ден) |
|---|---|---|---|
| 1 | | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСВЕРИ | |
| 1.1 | 464 990 | Други трансфери - кофинансирање | 18.085.061,00 |
| 1.2 | 426120 Г1 | Членарина за ЗЕЛС | 763.080.00 |
| 2 | 482 | ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 39.955.659,00 |
| 2.1 | ЈД 482 110 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан за улици и локални патишта и споменици | 10.508.792,00 |
| 2.2 | ЈИ 482 310 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан за пречистителни станици и колектори | 1.009.713,00 |
| 2.3 | ЈГ 482 710 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан за водоснабдување | 1.609.433,00 |
| 2.4 | ГД 482 810 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на капацитети за енергетика | 896.209,00 |
| 2.5 | ЈЛ 482 910 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на други објекти | 25.931.512,00 |
| 2.6 | ЈЛ 482 210 | Подготвување на проекти за мостови | / |
| | | ВКУПНО: | 58.803.800,00 |

Дел од средствата од оваа Програма ќе се вложат во изработка на техничка документација, а дел во изградба на објекти за кои е аплицирано на меѓународни повици, добиени се грантови и за кои се склучени договори за реализација дефинирани со листата од Прилог 1 и Прилог 2.

Расходите за набавка на проектна документација (техничка документација, фисибилити студии и сл.) ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата и утврдената листа на приоритетните објекти.

Листите за приоритетни објекти ја утврдува Советот на општината и Градоначалникот на општина Битола и е составен дел на оваа Програма. Во овие прилози се евидентирани стварните суми постигнати на јавни набавки за објекти кои се во подготовка на проектна документација и проценети суми за набавка на нови проектни документации. (СУМАРЕН ПРЕГЛЕД, ПРИЛОГ 1, и ПРИЛОГ 2)

Програмата за економски развој е родово одговорна. При нејзината изработка се земаа предвид потребите, улогите и начините на користење на времето и ресурсите од страна на жените и мажите. Конкретно, (1) при изградбата на коловози, секаде каде има простор, е предвидена изградба на тротоари со цел да одговори на потребите на жените и мажите за движење; (2) предвидената мрежа за осветлување соодветствува на потребите на жените пред сé, за зголемена безбедност; (3) планираната изградба и реконструкција на водоводна линија и атмосферска и фекална канализација исто така е развиена врз основа на потребите на мажите и жените и нивните различни улоги во домаќинството.

На овој начин, Општина Битола покажува дека ги поддржува и применува принципите на родово одговорно креирање на политиките и следствено-родово одговорно буџетирање. Покрај тоа што овие практики имаат за цел да ги слушнат и да одговорат подеднакво на потребите на мажите и жените, тие истовремено го зголемуваат нивото на транспарентност, го подобруваат учеството на граѓан(к)ите и ги подобруваат економските политики на општината.

Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на родовото буџетирање.

## 1. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за економски развој и Секторот за економски раз-

вој, јавни дејности и информатичка технологија на Општина Битола, Одделението за економски развој

• Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Битола и ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2024 година.

Бр.09-4/14
23.01.2023 г.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

# ПРИЛОГ 1

| Ред. бр. | ЛОКАЦИЈА / УЛИЦА | Програма ЈД Подготвување проектина улици и л.патишта, споменици ЈД (482110, ) | Програма ЈИ Подготвување на проекти за на пречист станици и колектори (482310) | Програма ЈГ Подготвување на проекти за водоснабдување (482710) | Програма ГД Подготвување на проекти за енергетски капацитети (482810) | Програма ЈЛ Подготвување на проекти за други објекти (482910) | Програма ЈД Подготвување на проекти за мостови (482210) | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пристап до објект надвор од ГУП-правец-Битолско Кале | 370.000,00 | | | | | | 370.000,00 |
| 2 | с.БАРЕШАНИ | 260.000,00 | | | | | | 260.000,00 |
| 3 | Сообраќајни проекти низ улици во Битола,Измена на траен и времен режим на сообраќај и смирување на сообраќај, осветлени пешачки премини пред училишта | 1.200.000,00 | | | | | | 1.200.000,00 |
| 4 | Изработка на рампина за пристап до ОУ и СУ и други институции | 200.000,00 | | | | | | 200.000,00 |
| 5 | Изработка на Програма за енергетска ефикасност | | | | 300.000,00 | | | 300.000,00 |
| 6 | Геодетски елаборати | | | | | 1.000.000,00 | | 1.000.000,00 |
| 7 | Геомеханички елаборати | | | | | 500.000,00 | | 500.000,00 |
| 8 | Мислења од ИЗИИС | | | | | 200.000,00 | | 200.000,00 |
| 9 | ул. Браќа Џаферови (паркинг позади Финансов) Л=45 м +паркинг +2-ра фаза | 100.000,00 | | | 20.000,00 | | | 120.000,00 |
| 10 | Паркинг (Гт,, Работнички) | 100.000,00 | | | 35.000,00 | | | 135.000,00 |
| 11 | Реконструкција на улица Дебарска од ул.Илинденска до мостот Л=925м | 327.000,00 | 50.500,00 | 55.500,00 | | | | 433.000,00 |
| 12 | ул. Донка Ушлинова | 47.000,00 | 12.255,00 | 12.120,00 | 14.700,00 | | | 86.075,00 |
| 13 | Поврзвање на Г.Оризари со с.Крклино Л=1100м | 470.000,00 | | 32.000,00 | | | | 502.000,00 |
| 14 | Измени на Програма за урбана опрема од 2017 , заедно со проектна документација за изведба | | | | | 700.000,00 | | 700.000,00 |
| 15 | ул. Довлеџик, крак покрај р. Драгор | 178.986,00 | 34.920,00 | 24.306,00 | 32.480,00 | 20.340,00 | | 291.032,00 |
| 16 | ЈП Жабени-решавање на проблем со фекална канализација на потег К&Ш-пречистителна станица | | 290.000,00 | | | | | 290.000,00 |
| 17 | Проектна документација за Месна заедница | | | | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 18 | ул. Христо Ботев Л=500 м | 255.600,00 | 40.000,00 | 30.000,00 | | | | 325.600,00 |
| 19 | Потпорен зид на р. Драгор | | | 160.000,00 | | | | 160.000,00 |
| 20 | Основни сообраќакни проекти по СС за ЦГП -3-та фаза | 250.000,00 | | | | | | 250.000,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Изработка на предмер пресметки и стручно консултантски услуги, теренски увид, анализи, извештаи и други урбанистички архитектонски и инженерски услуги проценети по работен час | | | | | 200.000,00 | | 200.000,00 |
| 22 | Проекти за рушење | | | | | 150.000,00 | | 150.000,00 |
| 23 | Енергетски проекти за фасади на објекти сопственост на ОБ | | | | | 500.000,00 | | 500.000,00 |
| 24 | Санација на кровна конструкција на општинска зграда и простор за архива | | | | | 350.000,00 | | 350.000,00 |
| 25 | Основни проекти за гасоводни приклуцоци | | | | 100.000,00 | | | 100.000,00 |
| 26 | Спортски комплекс во АРМ ГП 15.5 и 15.17 | | | | | 6.150.000,00 | | 6.150.000,00 |
| 27 | Зграда за противпожарна единица во АРМ со развиена површина за П+1 | | | | | 1.500.000,00 | | 1.500.000,00 |
| 28 | ул.,,11ти Октомври,, со Л=145 м | 80.000,00 | 20.000,00 | 20.000,00 | 36.000,00 | | | 156.000,00 |
| 29 | ул. 11-ти Март -Панде Николов, Козара, Димитрие Туцовиќ со Л=610 м | 305.000,00 | 45.000,00 | 40.000,00 | 45.000,00 | | | 435.000,00 |
| 30 | Надградба на кејски зидови на р. Драгор од мост кај судот до Црн мост со Л=815 м и изработка на велосипедска патека | 145.000,00 | | | | 40.000,00 | | 185.000,00 |
| 31 | Проектна документација за водоснабдување на викенд населба во Буковски ливади (Населба Ветерници) со Л=5350м | | | 420.000,00 | | | | 420.000,00 |
| 32 | Изготвување на проектна документација-основен проект за влез во БТ ул. ,,8-ми ,, Септември од бензиска Лук Оил до граница на ГУП со Л=1300 м и ш=23.5 м | 1.016.600,00 | 70.000,00 | 25.000,00 | 50.000,00 | | | 1.161.600,00 |
| 33 | Реконструкција на улици во с. Д. Оризари со л=2360 м (1ва Фаза) | 127.440,00 | | | | | | 127.440,00 |
| 34 | Поврзување на ул. СТУ 5 во АРМ 2 со ул. Во нас Стрчин со Л= (Инфраструктура за улици во АРМ Четврт 2: СтУ6, СтУ6а, СтУ13, СтУ14 и улица од Урбанистички проект во нас. Стрчин) | 136.000,00 | 33.000,00 | 27.500,00 | 22.000,00 | 7.500,00 | | 226.000,00 |
| 35 | Изградба на ул кај Француски гробишта со Л=550 м | 47.000,00 | 9.500,00 | 8.000,00 | 10.600,00 | 5.300,00 | | 80.400,00 |
| 36 | Елаборати за Вело-патеки Братин Дол - Дихово - Брусник - Лавци - Буково Л= 11300 м | 720.000,00 | | | | | | 720.000,00 |
| 37 | Реконструкција на ул. Д.И. Муратот од пресек со ШШ до ул. Ленинова со Л= 150 м | 150.000,00 | | | | | | 150.000,00 |
| 38 | ул. ,,150,, со Л=250 м | 54.000,00 | 5.400,00 | 6.000,00 | | | | 65.400,00 |
| 39 | Реконструкција на кров на спортска сала во с. Бистрица | | | | | 500.000,00 | | 500.000,00 |
| 40 | Основен проект за ул. ,,Индустрски пат со Л=3778,4 м спрема Терминал | 250.000,00 | | | | | | 250.000,00 |
| 41 | ул. СТУ 8 во АРМ Четврт 2 | 61.224,00 | 14.105,00 | 14.105,00 | 9.396,00 | | | 98.830,00 |
| 42 | ул. ,,170та и 210та ,, со Л=190м | 145.000,00 | 40.000,00 | 26.500,00 | 30.000,00 | | | 241.500,00 |
| 43 | Елаборати за животна средина | 200.000,00 | | | | | | 200.000,00 |
| 44 | Буковски Ливади: ул.Буковски мост со Л=600 м | 230.000,00 | | | | | | 230.000,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 45 | Конзерваторски надзор | | | | | 250.000,00 | | 250.000,00 |
| 46 | Урбанистички проект и основен проект за градежно земјиште-Рекреативна зона Кркардш со П=до 2 ха | 250.000,00 | | | | | | 250.000,00 |
| 47 | Урбанистичка документација за Спортска сала с. Долно Оризари | | | | | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| 48 | Ревизија на проектна документација | | | | | 1.350.000,00 | | 1.350.000,00 |
| 49 | Проект за изградба на Улица и паркинг кај болница Плодност со атмосверска и улично осветлување | 97.470,00 | 32.661,00 | 24.870,00 | 32.661,00 | | | 187.662,00 |
| 50 | Урбанистички Проект за инфраструктура Терминал - Жабени | | | | | 300.000,00 | | 300.000,00 |
| 51 | Проект за Адаптација/Реконструкција на просториите на ОИК Битола и партерно уредување | | | | 100.000,00 | 100.000,00 | | 200.000,00 |
| 52 | Уредување и регулирање на дел од отворен канал с. Логоварди | | | | | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| 53 | Уредување и регулирање на дел од Раштански порој во Горно Оризари | | | | | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| 54 | Реконструкција на улици во с. Карамани Л=2021 м | 130.000,00 | | | | | | 130.000,00 |
| 55 | Реконструкција на улици во с. Крклино Л=480м | 110.000,00 | | | | | | 110.000,00 |
| 56 | Реконструкција на улици во с. Бистрица Л=900м | 100.000,00 | | | | | | 100.000,00 |
| 57 | Реконструкција на улица Леринска Л= 215м | 91.332,00 | 24.000,00 | 24.000,00 | | | | 139.332,00 |
| 58 | Реконструкција на улици во с. Ротино Л=630м | 140.000,00 | | | | | | 140.000,00 |
| 59 | Реконструкција на улица 14та Л = 75м | 29.205,00 | 20.000,00 | 20.000,00 | | | | 69.205,00 |
| 60 | Реконструкција на улици (Лавчански пат, Мараја Кири и Алберт Анштајн) Л=270м | 86.022,00 | 30.000,00 | 25.000,00 | | | | 141.022,00 |
| 61 | Урбанистички проект за инмфраструктура со Основни проекти за Паркинг АРМ Четврт 3 | 32.322,00 | 3.372,00 | 3.372,00 | 3.372,00 | 3.372,00 | | 45.810,00 |
| 62 | Реконструкција на улици во с. Горно Српци Л=600+790м | 100.800,00 | | | | | | 100.800,00 |
| 63 | Проект за изработка на велосипедски патеки врз основа на Сообраќаен проект за Битола | 80.000,00 | | | | | | 80.000,00 |
| 64 | Реконструкција на дел од улица Влатко Миленковски и Гаврило Принцип Л=330м | 140.184,00 | 30.000,00 | 25.000,00 | 30.000,00 | | | 225.184,00 |
| 65 | Изработка на проектна документација за поплочување на јавни површини | 200.000,00 | | | | | | 200.000,00 |
| 66 | Реконструкција на улица Нико Фундали Л=340м | 144.432,00 | 30.000,00 | 25.000,00 | | | | 199.432,00 |
| 67 | Улици кај Дулие | 230.000,00 | 30.000,00 | 25.000,00 | 25.000,00 | | | 310.000,00 |
| 68 | Реконструкција на улици во с. Д. Оризари со л=1400 м Фаза 2 | 371.700,00 | | | | | | 371.700,00 |
| 69 | Реконструкција на улица Димитар Тодоровски Л=150м (ул. 11та) | 90.000,00 | 30.000,00 | 25.000,00 | | | | 145.000,00 |
| 70 | Реконструкциј на улица Панде Кајзеро Л=375м | 119.475,00 | 40.000,00 | | | | | 159.475,00 |
| 71 | Изработување на проектна документација за поставување на фотоволтаици на јавни објекти под надлежност на Општина Битола | | | | | 450.000,00 | | 450.000,00 |
| 72 | Потпорен зид на ул.Дебарска бр.125в | | | | | 30.000,00 | | 30.000,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 73 | Населба Стрелиште - Урбана опрема - Летниковец | | | | | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 74 | Реконструкција на игралиште ОУ Елпида Караманди - Педагошки факултет | | | | | 245.000,00 | | 245.000,00 |
| 75 | Реконструкција на канализација на дел од ул.Васко Карангелевски и ул.Романија | | 50.000,00 | | | | | 50.000,00 |
| 76 | Реконструкција на водовод од улица Бурса до с. Поешево Л=3600м | | | 191.160,00 | | | | 191.160,00 |
| 77 | Реконструкција на дел од ул.Индустриска (боримечка) од влез во населбата до мост на р. Курделес Л=160м | 65.000,00 | | | | | | 65.000,00 |
| 78 | Изработка на Сообраќајна студија за потребите на ГУП | | | | | 11.000.000,00 | | 11.000.000,00 |
| 79 | Потпорни зидови на локален пат с. Ореово за стабилизација на коловоз | 150.000,00 | | | | | | 150.000,00 |
| 80 | Проектна документација за реконструкција на каскади и слапишта на р. Драгор | | | 300.000,00 | | | | 300.000,00 |
| 81 | Реконструкција на улица Козјак | 25.000,00 | | | | | | 25.000,00 |
| 82 | Реконструкција на ул. Маркс и Енгелс Л=295м | 100.000,00 | 25.000,00 | 20.000,00 | | | | 145.000,00 |
| 83 | Коловоз на улица Караорман Л=450м | 200.000,00 | | | | | | 200.000,00 |
| | ВКУПНО: | 10.508.792,00 | 1.009.713,00 | 1.609.433,00 | 896.209,00 | 25.931.512,00 | - | 39.955.659,00 |
| | Основна програма за 2023г. | 10.553.792,00 | 1.009.713,00 | 1.609.433,00 | 896.209,00 | 25.386.512,00 | | 39.455.659,00 |
| | Разлика | -45.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 545.000,00 | | |
| | Вкупно: | 500.000,00 | | | | | | |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за измена на Програмата за туризам во Општина Битола за 2023 година

Се објавува Програма за измена на Програмата за туризам во Општина Битола за 2023 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.01.2023 година.

Бр. 08-58/13
24.01.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.01.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за измена на Програмата за туризам во Општина Битола за 2023 година

### „Битола, атрактивна туристичка дестинација“

Општина Битола со својата местоположба, блискоста до охридскиот и солунскиот аеродром, природното богатството (планината Баба и НП Пелистер со единствена флора и фауна, потенцијалите за развој на зимските спортови итн.), културните атрактивности (богатата историјата и традиција, културни

споменици и знаменитости, манифестации и фестивали) ги има сите предуслови за развивање на туризмот како еден од најважите двигатели на општествениот развој.

Тому поради ова Општина Битола во стратегијата за социо-економски развој особен акцент му придава на развојот на туризмот како глобален тренд и гранка со исклучителен потенцијал и можности. Во тој контекст оваа предлог програма нуди низа мерки, активности, проекти и иницијативи чија цел е динамичен и комплементарен развој на туризмот во Општина Битола.

Постигнувањето на таа цел е можно со мобилизирање на сите потенцијали и субјекти во правец на подигање на нивото на организациска поставеност, координација, стандардизација, валоризација и промоција на на туристичките потенцијали поставувајќи ја Битола на врвот на мапата на туристичките дестинации во регионот.

Во продолжение се претставени сет на активности, мерки, иницијативи и проекти кои во правец на постигнување на визијата, „Битола, атрактивна туристичка дестинација“.

**1. Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот**

За развојот на туризмот на територија на општина Битола многу придонесува и состојбата на Националниот парк „Пелистер„. За таа цел изработени се неколку студии и имплементирани, но секако има место за нови и поиновативни. За таа цел општина Битола ќе финансира промоција на активности преземени од страна на НП Пелистер за развој на туризмот во Националниот парк на дел од изготвена Програма од нивна страна за цела 2022 година и која ќе биде доставувана на усвојување од страна на општина Битола. По завршување на известувачкиот период (декември 2022 година) НП Пелистер е должен да достави Извештај за користените средства до Општина Битола. Средствата за реализација на оваа Програма општина Битола ќе им ги префрлува на крајниот корисник по поднесен извештај за извршени работи. Сите овие активности се регулирани со обостран потпишан меѓусебен договор на општина Битола и НП Пелистер Битола.

**2. „Урбана Битола“**

Разубавување на градот преку изработка (цртање) на неколку мурали на различни локации низ градот. Целта на оваа активност е да се разубават објекти околу централното градско подрачје, кој сега се грда слика за посетителите на градот.

**3. Туристички инфо табли за градот Битола и потпелистерските села**

Планирано е обновување на старите, оштетени, како и поставување на нови патоказни (инфо) табли низ градот и потпелистерските села.

**4. Пропагандни материјали за промоција на туризмот**

Дизајн и печатење на флаери, брошури, туристички мапи, закуп на билборди во РСМ и други земји во околината.

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за туризам во Општина Битола**
**за 2023 година**

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 717111 | Комунална такса за привремен престој | 1.300.000,00 |
| | ВКУПНО: | | 1.300.000,00 |

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за туризам во Општина Битола**
**за 2023 година**

| Ред. Бр. | Програма Г2 | Расходи | Износ (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 464990 | Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот | 500.000,00 |
| 2 | 464990 | "Урбана Битола" | 150.000,00 |
| 3 | 464990 | Туристички инфо табли за градот Битола и потпелистерските села | 30.000,00 |
| 4 | 464990 | Пропагандни материјали и промотивни активности | 240.000,00 |
| 5 | 464990 | Посета на туристички саеми | 80.000,00 |
| 6 | 426990 | Студија за летен и зимски туризам | 300.000 |
| | | Вкупно: | 1.300.000,00 |

Со оваа програма е обезбеден родов аспект преку приоритети на Општина Битола.

Структурата на поединечните трошоци во рамките на вкупно предвидениот износ ќе се определува согласно спроведените јавни набавки за истите.

Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола.

Програмата влегува во сила *со* денот на *објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-4/15
23.01.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програма за култура во Општина Битола за 2023 година**

Се објавува Програма за измена и дополнување на Програма за култура во Општина Битола за 2023 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.01.2023 година.

Бр. 08-58/14
24.01.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник

на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.01.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за измена и дополнување на Програмата за култура во Општината Битола за 2023 година

### 1. ИЗМЕНИ ДОПОЛНУВАЊА НА ПРОГРАМАТА

Во програмата за Култура за 2023 година се предложени одредени измени и тоа:

**Финансиски средства за идејно решение за новогодишно украсување на Битола “** –
Време на реализација: Декември 2023 година
Буџет: 300 000 денари

**Летен фестивал во Смолево -**
Време на реализација: јуни 2023 година
Буџет: 500 000 денари

**ИФФК „Брака Манаки“** –
Интернационален Фестивал на Филмската Камера „Брака Манаки“
Време на реализација: Септември 2023 година
Буџет: 3.000 000 денари

Сумата се зголемува за 2.000.000 денари, наместо да се плаќа сместување на гостите на фестивалот.

Структурата на поединечните трошоци врз основа на прибирање понуди за соодветни културни настани., во рамките на вкупно предвиденот износ ќе ја предлага Комисија составена од општинската администрација, а истите ќе бидат одобрени од Градоначалникот, Направени три измени односно дополнувања на програмата за култура за 2023 година при што се додаваат финансиски средства за:

Финансиски средства за **Идејно решение за новогодишно украсување на Битола** и тоа 300.000 денари и за **Летен фестивал во Смолево** – 500.000 денари.

Исто така кај фестивалот **ИФФК „Брака Манаки“** се зголемува сумата од 1.000.000 денари на 3.000.000 денари со цел сместувањето на гостите на фестивалот да си го плаќаат самите организатори.

Финансиските средства на Програмата за култура од 14.000.000 денари се зголемуваат за 800.000 денари, односно вкупната сума ќе биде 14.800.000 денари.

Програмата влегува во сила *со денот на објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-4/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.01.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за заштита на потрошувачите на Општина Битола за 2023 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за заштита на потрошувачите на Општина Битола за 2023 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.01.2023 година.

Бр. 08-58/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 56 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ Бр.05/2002), член 61 и 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.01.2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Програмата за заштита на потрошувачите на Општина Битола за 2023 година

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за заштита на потрошувачите на Општина Битола за 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со дено на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-4/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.01.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата - Битола за 2023 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата - Битола за 2023 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.01.2023 година.

Бр. 08-58/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.01.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата - Битола за 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата - Битола за 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-4/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.01.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата „ОСБСП“- Битола за 2022 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата „ОСБСП“- Битола за 2022 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.01.2023 година.

Бр. 08-58/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.01.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештајот за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата „ОСБСП“- Битола за 2022 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата „ОСБСП“- Битола за 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-4/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.01.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола

Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.01.2023 година.

Бр. 08-58/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 и член 22 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 23.01.2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола

**Член 1**

Со оваа одлука се врши дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 9/13, 11/13, 13/18, 6/20, 10/21, 9/22, 10/22 и 12/22).

**Член 2**

Субјектите кои имаат поднесено барање во предвидениот рок за склучување на анекс кон основниот договор за користење на земјиштето во општа употреба за поставена урбана опрема и ги исполнуваат условите од Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола, а кои вршат дејност во урбана опрема која зафаќа поголема површина од онаа утврдена во основниот договор и со геодетски елаборат, должни се да достават геодетски елаборат за посебни намени за утврдување на фактичката површина.

**Член 3**

Доколку зголемената површина е утврдена со Извештајот од 27.02.2019 година, изготвен од Комисијата за извршување попис на поставената урбана опрема на земјиште во општа употреба, формирана со Решение бр.08-773 од 07.12.2018 година на Градоначалникот на Општина Битола, корисниците ќе бидат задолжени да го платат надоместокот за зголемената површина сметано од 01.03.2019 година.

**Член 4**

Субјектите кои нема да се усогласат со одредбите од оваа одлука, должни се да ја отстранат поставената урбана опрема и да го вратат земјиштето во општа употреба во првобитна состојба во рок од 30 дена по приемот на известување дека не постои

можност да се склучи анекс договор за користење на земјиштето во општа употреба.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-4/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.01.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за определување на висината на благајничкиот максимум

Се објавува Одлуката за определување на висината на благајничкиот максимум, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.01.2023 година.

Бр. 08-58/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 7а од Законот за платен промет („Службен весник на РМ“бр.32/1, 50/01, 52/01, 37/02, 41/02, 61/02, 42/03 и 13/06), член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.05/2002) и член 70 од Статутот на Оптина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 23.01.2023 година, донесе

## ОДЛУКА
## за определување на висината на благајничкиот максимум

**Член 1**

Со оваа одлука се определува висината на благајничкиот максимум што може да се подигни и држи во готови пари.

**Член 2**

Висината на благајничкиот максимум на готови пари кој може да се држи во благајната изнесува 100.000,00 денари

Висината на благајничкиот максимум на готови пари-девизни средства кој може да се држи во касата изнесува до

– 3.000 евра од програма АО
– 3.000 евра од програма ЕО
– 3.000 евра од програма ДО

Висината на бонови за гориво која може да се држи во благајна изнесува 200.000 денари.

**Член 3**

Средствата од благајничкиот максимум може да се користат за плаќање на производи и услуги кои поединечно не може да бидат повеќе од 6.000 денари.

**Член 4**

Условите и начинот на наплата како и располагањето и плаќањето со пари ќе биде согласно Упатството донесено од страна на Министерот за финансии.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-4/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.01.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за промена на припадност на дел од ул.„Воден“ Битола

Се објавува Одлуката за промена на припадност на дел од ул.„Воден“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.01.2023 година.

Бр. 08-58/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 4 и 8 од Законот за определување на имиња и улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти („Сл. весник на РМ“ бр.66/04, 55/07, 145/10, 136/11,163/13 и 147/15), а во согласност со Правилникот за содржината, постапката за водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, броеви за нумерирање на објектите и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар („Сл. весник на РМ“ бр.152/07) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.01.2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## за промена на припадност на дел од ул.„Воден“ Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши промена на припадност на дел од ул.„Воден“ Битола од КО Буково во КО Битола 5.

**Член 2**

Улицата „Воден“ започнува од бензиската пумпа „Макпетрол“ (Транскоп) со К.П. 18185/1 К.О. Битола 5 од десната и К.П. 18023 К.О Битола 5 од левата страна, се протега по должина од 2.5 км и завршува на влезот на с.Кравари со К.П. 417 К.О. Буково од десната и К.П. 197/3 К.О. Буково од левата страна каде започнува ул. Гоце Делчев.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-4/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.01.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за промена на припадност на дел од ул.„Кресneско востание“ Битола

Се објавува Одлуката за промена на припадност на дел од ул. „Кресneско востание“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.01.2023 година.

Бр. 08-58/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 4 и 8 од Законот за определување на имиња и улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти („Сл. весник на РМ“ бр.66/04, 55/07, 145/10, 136/11,163/13 и 147/15), а во согласност со Правилникот за содржината, постапката за водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, броеви за нумерирање на објектите и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар („Сл. весник на РМ“ бр.152/07) и член 70 од Статутот на Општината Битола(„Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.01.2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## за промена на припадност на дел од ул. „Кресненско востание“ Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши промена на припадност на дел од ул. „Кресненско востание“ од Битола од КО Дихово во КО Битола 1/2.

**Член 2**

Постоечката улица започнува од бензиската пумпа „Макпетрол“ (Довлеџик) со К.П. 5338/6 К.О. Битола 1/2 од десната и К.П. 5329/5 К.О Битола 1/2 од левата страна, се протега по должина од 3.3 км и завршува со К.П. 618/2 К.О. Дихово од десната и К.П. 618/1 К.О. Дихово од левата страна.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-4/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.01.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за промена на припадност на дел од ул.„Никола Јанков Вапцаров“ Битола

Се објавува Одлуката за промена на припадност на дел од ул.„Никола Јанков Вапцаров“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.01.2023 година.

Бр. 08-58/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 4 и 8 од Законот за определување на имиња и улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти („Сл. весник на РМ“ бр.66/04, 55/07, 145/10, 136/11,163/13 и 147/15), а во согласност со Правилникот за содржината, постапката за водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, броеви за нумерирање на објектите и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар („Сл. весник на РМ“ бр.152/07) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.01.2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## за промена на припадност на дел од ул.„Никола Јанков Вапцаров“ Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши промена на припадност на дел од ул.„ Никола Јанков Вапцаров “ Битола од КО Лавци во КО Битола 1/2.

**Член 2**

Улица „Никола Јанков Вапцаров“ улицата започнува како ракав на ул. „Партизанска“ со К.П. 15809/1 К.О. Битола 1/2 од десната и К.П. 15906 К.О Битола 1/2 од левата страна, се протега по должина од 1.1 км и завршува со К.П. бр. 17969 К.О. Битола 1/2 од десната и К.П. бр.17973/3 К.О. Битола 1/2 од левата страна.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-4/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.01.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на комунална инфраструктура во Општина Битола

Се објавува Одлуката за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на комунална инфраструктура во Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.01.2023 година.

Бр. 08-58/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 26 став 1 точка 6, а во врска со член 19 од Законот за експропријација (“Службен весник на РМ“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16 и “Службен весник на РСМ“ бр.122/2021) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на општина Битола на седницата одржана на 23.01.2023, донесе

## О Д Л У К А
## за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на комунална инфраструктура во Општина Битола

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува обезбедување на средства за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на комунална инфраструктура во Општина Битола (општински патишта, водоводи, канализација и др.) во градот и населените места во Општина Битола.

**Член 2**

Изградбата на комуналната инфраструктура (општински патишта, водоводи, канализација и др.) е предвидена во Буџетот на Општина Битола за 2023 година.

**Член 3**

Надоместокот за експропрNew недвижност ќе се врши во парични средства или со давање на друга недвижност соодветна на експроприраната недвижност (замена).

**Член 4**

Средствата за надоместокот за експропријација на недвижен имот за изградба комунална инфраструктура се обезбедени во Буџетот на Општина Битола за 2023 година во програма ЈД – изградба и реконструкција на локални патишта и улици, ставка – 485420 надомест за одземен имот, во износ од 5.800.000 денари.

**Член 5**

Надоместокот за експропријација со давање на друга соодветна недвижност (замена) ќе се врши со недвижност во сопственост на Општина Битола.

**Член 6**

Надоместокот за експропријација од членовите 3 и 5 на оваа Одлука ќе се изврши врз основа на спогодба за надоместок односно правосилна судска одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-4/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.01.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за „Четврт Исток 2, Блок И.02.05“ - Општина Битола

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за „Четврт Исток 2, Блок И.02.05“ – Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.01.2023 година.

Бр. 08-58/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 39 и 42 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ”бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а во врска со член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ Бр. 32/20) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на Седницата одржана на 23.01.2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на Детален урбанистички план за „Четврт Исток 2, Блок И.02.05“ - Општина Битола

**Член 1**

СЕ ДОНЕСУВА Одлука за донесување на Детален урбанистички план за „Четврт Исток 2, Блок И.02.05“ – Општина Битола.

**Член 2**

Границата на планскиот опфат на Детален урбанистички план за „Четврт Исток 2, Блок И.02.05“– Општина Битола е дефинирана во текстуалниот дел и во графичките прилози од планската документација согласно блоковската поделба на ГУП на град Битола – Блок И.02.05. Во графичките прилози е прикажана границата на планскиот опфат која се движи на запад по осовина на улица Прва (крак од улица Димитар Робев) до пресек со КП Бр. 1381/4, продолжува по јужната граница на КП бр. 1381/4 до пресекот со КП Бр. 1374 се движи по северната и источната граница на КП Бр. 1374 до пресек со јужната граница на КП Бр. 1381/3 продолжува по јужната граница на КП 1381/3 до пресекот со КП 1382/1 на исток по западната граница на КП Бр. 1382/1 до пресекот со осовина на ул. Новачки пат, на југ по осовина на Новачки пат до почетна точка на ул. Прва (крак од улица Димитар Робев).

Површината на планскиот опфат на Детален урбанистички план за „Четврт Исток 2, Блок И.02.05“– Општина Битола изнесува 8,22 ха.

**Член 3**

Постапката за изработување и донесување на Планот е со Бр. 31245 во информацискиот систем е-урбанизам.

Детален урбанистички план за „Четврт Исток 2, Блок И.02.05“– Општина Битола се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

